**20111342965**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „СО НОВИ КОНЦЕПТИ ЗА ЕФИКАСЕН СООБРАЌАЈ КОН ПОЧИСТО СКОПЈЕ“ БЕЗ ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНА ГАРАНЦИЈА**

Се прогласува Законот за задолжување на градот Скопје кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Со нови концепти за ефикасен сообраќај кон почисто Скопје“ без издавање на државна гаранција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 септември 2011 година.

Бр. 07- 4060/1
29 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „СО НОВИ КОНЦЕПТИ ЗА ЕФИКАСЕН СООБРАЌАЈ КОН ПОЧИСТО СКОПЈЕ“ БЕЗ ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНА ГАРАНЦИЈА**

Член 1

Градот Скопје се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 5.600.000 евра, наменет за реализација на Проектот “Со нови концепти за ефикасен сообраќај кон почисто Скопје“.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за Проектот “Со нови концепти за ефикасен сообраќај кон почисто Скопје“, кој ќе се склучи меѓу градот Скопје и Европската банка за обнова и развој.

Во име на градот Скопје Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише градоначалникот на градот Скопје.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е еднаква на шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за 4,15 % на годишно ниво.

Заемот ќе се отплаќа на 18 полугодишни рати на секој 20 април и 20 октомври во годината, почнувајќи од 20 октомври 2014 година и завршувајќи на 20 април 2023 година.

Градот Скопје и плаќа на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 67.200 евра.

За износот на неповлечените средства од заемот од членот 1 од овој закон, на Европската банка за обнова и развој се плаќа провизија во висина од 0,6% од износот на неповлечените или откажаните средства од заемот на годишно ниво.

На обврските поврзани со заемот од членот 1 од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови, ќе се плаќа казнена камата во висина на годишната каматна стапка од ставот 2 на овој член, зголемена за 2% на годишно ниво.

Член 4

Градот Скопје заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на градот Скопје.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".